## Апстракт

Истражувањето ги испитува можностите за учење на квалитативните формално-ликовни и естетски разлики помеѓу ликовните дела со прецизно поставени наставни содржини преку ликовното подрачје - сликање.

Со посебна организација на наставниот процес на учениците им беа дадени можности за: непосредна перцепција, директно доживување и анализирање на визуелни дела од различни аспекти преку неколку методички постапки, толкување на значењето и сопствена креација. Нашата цел беше да дефинираме систем од методички постапки кои овозможуваат стекнување на визуелна писменост во рамки на предметот ликовно образование во основните училишта за учениците од почетното образование – 8, 9 и 10 години.

Истражувањето се реализираше во неколку истражувачки фази кои овозможија меѓусебна сукцесивна анализа според следниот концепт: лична реакција, испитување на делата, претпоставени вредности, процена на ликовните дела и сопствена креација.

Во истражувањето ја употребивме квалитативната и квантитативна анализа на резултатите кои ги добивме со помош на дескриптивен и каузално-неекспериментален метод.

Со истражувањето сакаме да покажеме дека учениците со соодветено креирани методички постапки стекнуваат знаења и способности за препознавање на естетската вредност во визуелните дела и во секојдневниот живот, односно стекнуваат визуелна писменост.



**Клучни зборови: визуелна писменост, активна перцепција, анализа на визуелни дела , ликовно образование**